# Извештај за сработеното за период од основање до 16 септември 2023 година

Со оглед на фактот што првите вработувања беа реализирани пред крајот на 2022 година и официјално институцијата беше во можност да започне да функционира формално дури од декември месец 2022 година, во овој извештај се претствени сите остварени резултати до 15ти септември 2023 година.

За функционирање на институцијата се формирани: Управен одбор, Научен совет и Совет на засегнати страни во кој членуваат претставници од сите општини, невладин сектор и локални бизниси, додека Одборот за контрола на материјално-финансиско работење е во процес на формирање.

Од основањето, одржани се 11 седници на Управниот одбор на Ј.У.Н.П. Шар Планина.

Одржани се 2 седници на Научниот совет на Ј.У.Н.П. Шар Планина.

Одржана е 1 седници на Советот на засегнати страни на Ј.У.Н.П. Шар Планина.

Во текот на 2022 година беше објавен Оглас за вработување на определено и неопределено време за помошен технички персонал и оглас за неопределено време за админисративни службеници преку Агенцијата за администрација и беа реализирани 6 вработувања на помошен технички персонал и тоа: Раководител на одделение за одржливо користење на природни ресусри, Раководител на одделение за заштита на природи, Чувар во заштитено подрачје. Виш соработник за правни работи и Помлад соработник за ИТ.

На 15.09.2023 година е објавен огласот за нови вработувања за 9 лица од помошен-технички персонал и 3 лица административни службеници.

Институцијата функционира со 4 организациони единици: Одделение за правни, економски и општи работи; Одделение за заштита на природата; Одделение за одржливо користење на природните ресурси; Одделение за алтернативни активности и еколошка едукација. Последното одделение не е сеуште формирано но со новите вработувања ќе биде воспоставено.

Преглед на акти кои се изготвени и донесени со цел да функционира установата:

- Статут на институцијата
- Правилник за систематизација на работните места на институцијата
- Правилник за внатрешна организација
- План за архивски знаци за 2022 година и 2023 година
- Правилник за работата на управниот одбор на Ј.У.Н.П. Шар Планина
- Правилник за комуникација и процедури
- Деловник за работа на Научниот совет
- Деловник за работа на Совет на Засегнати страни
- Годишен план за вработување за 2022 и 2023 година
- Извештај по годишниот план за вработување  за 2022 година

- Усвоен План за управување со Национален парк Шар Планина
- Годишна програма за заштита на природата за 2022 и 2023 година на Националниот Парк**,**
- Извештај по Годишната програма за заштита на природата,
- План за управување со дивите животни,
- Подготвен годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2023 година,
- Регистар на податоци за евиденција на исечената дрвна маса во државна нискостеблена шума од страна на физички лица за сопствени потреби,
- Месечни извештаи за сеча, дотур и превоз,
- Месечни извештаи за штети во шумите,
- Се воспоставува систем на известување за Извештајно дијагностичка и прогнозна служба,
- Буџетирани проектни средства за изработка на посебни планови за управување со шумите**,**
- Подготвено е упатство за уредување на постапката при решавање на Барање за одобрение за сеча на ретки видови дрвја, поединечни или група на шумски дрвја на земјоделско земјиште надвор од шума,
- Подготвено е упатство за уредување на постапката при решавање на Барање за одобрение за сеча во приватни шуми,
- Донесена е Одлука за забрана за користење на природата за организирање на туристички активности, скијачки тури со ратрак на територијата на Национален парк Шар Планина.
- Донесена е Одлука за забрана за движење со моторни возила надвор од дозволените патишта на територијата на Националниот парк Шар Планина.
- Испрати барање до Владата и МЖСПП за раскинување на концесионерските договори за изградба на две мали хидроелектрани во НП Шар Планина во Лечница, Пена 84 и Пена 85.
- Изработена и функционална веб страна на институцијата и редовно ажурирана фејсбук страна.

Дополнителни активности:

- Склучени се повеќе од десет Меморандуми за соработка со други институции, јавни установи, планинарски здружениа, невладини и истражувачки организаци итн.
- Институцијата учествува во неколку национални работни групи, неколку проекти но со особено внимание да се избегне двојно буџетурање во барањата за донации и подршка. Како што е дефинирано и во Планот за Управување со подрачјето, сите иницијативи кои доаѓаат од невладини организации, се канализираат во насока на исполнување на 10 годишниот план и годишните планови за работа на институцијата затоа што само заедно можеме да ја постигнеме визијата и целта за Шар Планина.

Во изминатава година техничкиот персонал беше ангажиран во директни активности поврзани со зачувување на природата:

- Реализирани се преку 100 патроли патроли со вкупно 3067 часа патролирање и поминати 67.657 км;
- извршен е попис на сите нерегистрирани објекти со евидентирање на 769 објекти;
- регистрирани се 67м3 бесправно исечено дрво;
- обработени и реализирани се преку 120 Барања за одобренија за сеча од сопственици на приватен имот на територијата на Паркот
- 2 компании кои организираат скијање се пријавени за нелегално работење;
- подготвени и поставени 25 информативни табли;

- подготвени и поставени 50 инфо табли за превенција од пожари;
- реконструирани 3 моста во Долна Лешница;
- сите вработени вклучени во преку 20 интервенции на шумски пожари;
- редовни средби со претставници од различни општини во НП;
- 18 дена обука за секој ренџер.
- организирани бројни акции за чистење на отпад;
- реализирани работни средби за синхронизација во заштитните зони и чување на теренот со НП Шари од Република Косово.
- идентификувани се пет клучни видови и клучни хабитати преку кои во следните години ќе се следи прогресот во заштитата на природата и воспоставени се првите чекори за мониторинг на природните вредности.
- обезбеден склад за складирање на конфискувана дрвна маса.
- пошумени се 33 ha, а оваа есен планираме дополнителни мерки во оваа насока.
- во атарите на селата Лицес, Селце и Бродец се забележани големи штети од претходни пожари и недозволени сечи, па така во координација со Инспекторатот за шумарство, во моментов спроведуваме активни мерки за санирање на штетите, расчистување на оштетените стебла и како следен чекор пошумување.

Како заеднички резултат од теренската и административната работа во која се вклучени и многу други инситуции поднесени се:

- Една пријава до СВР Тетово за незаконит лов.
- Една пријава до СВР Тетово за пустошење на шума.
- Една пријава до СВР за безправна сеча на млади стебла.
- Една пријава до Шумска Полиција ПШС Тетово за безправна сеча.
- Една кривична пријава до Основно јавно обвинителство Тетово за "Узурпација на недвижност" и "Бесправно градење".
- Една пријава до СВР Тетово за недозволени активности во Национален парк Шар Планина од страна на концесионер на мала хидроелектрана.
- Еден предлог за привремена мерка до Основен суд Тетово.
- Едно барање за покренување на прекршочна пријава до Основен суд Тетово за прекршоци по Закон за заштита на природата во однос на движење со моторни возила кроз мотори во зона на строга заштита.
- Една информација до ОЈО, Државно правобранителство, Министерство за внатрешни работи и барање за постапување за недозволени активности во Национален Парк Шар Планина.

Доделениот канцелариски простор од Владата кај жичарата во Тетово, беше ресторантски простор и имаше потреба од темелна реконструкција и адаптација. За оваа намена беа искористени донаторски средства.

Краток преглед во однос на финансиите.

- Склучен едно годишен грант договор со ПОНТ;
- Склучен четири годишен грант договор со Глобал Конзерватионс;
- Подготвен и одобрен Финансиски План за 2022 и 2023 година,

- Изготвена Завршна Сметка за 2022 и 2023 година до Централен Регистар и до Управа за Јавни Приходи,
- Изготвен Извештај по Финансискиот план за 2022 година,
- Изготвен План за Јавни Набавки,
- Набавени се основни средства за работа како, униформи, возила, компјутери, двогледи, ГПС уреди, принтери, канцелариски мебел итн.
- Уреден Фискален платен систем,
- Усвоен Тарифник во Управен Одбор,
- Изготвена  лиценцирана програма за финансии, и ставена во употреба,
- Буџетот со кој располага Ј.У.Н.П. Шар Планина од формирањето до дега изнесува 34.192.482,00 ден и е составен од:
    - 44% се средства субвенционирани од Министерство за Животна Средина
    - 46% се средства донирани од донаторот ПОНТ
    - 7% се средства донирани од донаторот Глобал Конзерватионс
    - 3% сопствени средства.

Како и другите Национални Паркови во државата, институцијата функционира со самофинансирање па од тука, треба да се напомене дека политиките за финансирање на институцијата не се насочени кон користење на ресурсите туку кон екосистемските услуги и туризмот.

За таа цел, во месец август доставивме барање до Министерството за животна средина за доделување на средства по основ - екосистемски услуги, односно финансиски средства кои различните субјекти на територија на Национален парк Шар Планина веќе го уплаќаат на Буџет на РСМ – во наменски сметки за МЖСПП. Очекуваме овие средства секоја година да бидат директно реинвестирани во заштитеното подрачје.

Во иднина очекуваме повеќе да се насочиме кон туризмот како една од главните извори за финансирање на активностите, а следен чекор би било развој на едукативната компонента со едукативен центар, подготовка и спроведување на програми за едукација.